Институт за човекови права

U.S. Embassy Skopje

# МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА „ПЛАН ЗА ПОЛИТИКИ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ“

**април – јуни 2022 година**



Проект:
**„Следење на националните активности во борбата против корупцијата"**

Спроведувач:
**Институт за човекови права - ИЧП**

*Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, наодите и заклучоците или препораките изнесени во проектов се на авторите и не ги одразуваат оние на Владата на САД*

# ВОВЕД

Мониторинг - извештајот за исполнетоста на „Планот за политики за добро владеење“, во период од април до јуни 2022 година е изработен во рамки на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата“, со цел мерење на нивото на имплементација на документот и приказ на отворените прашања, празнини и недостатоци во спроведувањето на планираните чекори.

Со цел полесно да се оцени нивото на имплементација и да се извести за предизвиците со кои се соочуваат институциите во нивното спроведување, **мерките-активностите** предвидени во наведениот документ ќе бидат поделени на **три основни области**: (i) дигитална трансформација на административните процеси и техничка опременост (ii) промени во релевантното законодавство; (iii) зголемување на соработката и јакнење на интегритетот и капацитетите на институциите.

**Оценувањето на степенот на реализација** на активностите предвидени во Планот, ќе се направи преку **скалата за оценување, поделена во 4 нивоа** (нулта, почетно, делумно и целосно) и имплементација на мерките.

| Ниво | Објаснување | Боја |
|---|---|---|
| 1 | Нулта - не е започнато со реализација | |
| 2 | Почетно – започнато е со реализација | |
| 3 | Делумно – преземени се повеќе мерки, но процесот се наоѓа на половина | |
| 4 | Целосно – преземени се сите мерки и има последици кои може да се оценуваат од преземените мерки | |

Известувањето за предизвиците, отворените прашања, празнините и недостатоците во спроведувањето на планираните чекори ќе се направи преку делот за нотирани забелешки, каде ќе биде известено и за евентуално постигнатиот напредок во имплементацијата на конкретната мерка-активност. Дополнително, ќе биде известено за евентуалните предизвици и нашите согледувања и евентуални препораки, со цел нивно надминување.

Со цел да се оцени и транспарентноста на процесите што се одвиваат како резултат на преземените мерки-активности, ќе биде нотиран изворот на информацијата и начинот на кој е стигнато до истата, се‘ со цел да се утврди дали имаме проактивна или реактивна транспарентност и достапност на информациите поврзани со борбата против корупцијата.

Важно е да се напомене дека во соодветниов извештај фокусот е ставен на „Планот за политики за добро владеење“ и на активностите преземени согласно со планот, како најнов документ во националната заложба за добро владеење и справување со корупцијата. А, како продолжение со изменет контекст на планот за борбата против корупцијата „Акција 21“ и поддршка на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено за степенот на имплементација на двата последно наведени документи известивме во првиот мониторинг извештај и вториот мониторинг извештај последователно. Изменетиот контекст на „Планот за политики за добро владеење“ во однос на планот за борбата против корупцијата „Акција 21“ се однесува на функцијата на Заменик на претседателот на Владата, задолжена за политики за добро владеење, односно наместо на борбата против корупцијата (за која веќе има воспоставено нормативна и институционална инфраструктура), во фокус е креирањето на антикорупциските политики и политиките за добро владеење.

Планот е донесен во 2022 и е сочинет од 13 точки, конципирани така да бидат реализирани на краток рок со видливи резултати, меѓутоа за точката дигиталната трансформација потребно е детално разработен план кој ќе содржи краткорочни, среднорочни и долгорочни цели за наоѓање најефикасни решенија за реализација на правно, деловно и техничко ниво во процесот на дигитализација.

**Точки во Планот:**

1. Поттикнување на сеопфатна дигитализација за ефикасно и професионално функционирање на институциите
2. Зголемено и поефикасно користење на Националната платформа за интероперабилност
3. Целосно воспоставување и примена на електронскиот систем за инспекција „Е-инспектор“
4. Анализа на перформансите на е-системот за електронско (онлајн) поднесување на пријави и поплаки поврзани со услугите на јавната администрација, како основа за креирање на политики за добро владеење
5. Придонес кон заштитата на јавниот интерес преку донесување на Закон за потекло на имот
6. Следење, евалуација и извештаи за степенот на реализација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со акциски план за периодот 2021-2023 година
7. Следење на имплементацијата на препораките за надминување на констатираните слабости од извештаите на Државниот завод за ревизија
8. Подобрување на законските и регулаторните рамки за јавни набавки
9. Подигнување на свеста и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво
10. Зајакнување на интегритетот во спортот
11. Ревидирање на Етичкиот кодекс за лица кои вршат извршни функции за имплементација на утврдените слабости од самите институции
12. Активно вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики
13. Соработка со деловната заедница

# I.

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | 1. Поттикнување на сеопфатна дигитализација за ефикасно и професионално функционирање на институциите<br>• Формирање на работни групи од: правници, инженери и раководители на сектори за стратешко планирање;<br>• Изготвување на Национална стратегија за дигитална трансформација, заедно со Патоказ за имплементација.<br>• Измена на закони |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | III. Усогласување на законодавството во областа на дигитализацијата |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Проактивна** - Објавено на веб страната на Владата |
| **Забелешка** | Владата на РСМ во текот на месец март 2022 година, за да ја имплементира мерката, направила измена на Работна група за подготовка на текстовите за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон и на Работна група за координација на активностите од областа на информатичко комуникациските технологии заради дигитализација на процесите.<br>На 06.04.2022 година е одржан работен состанок на двете работни групи по повод преземените активности во рамки на процесот за дигитална трансформација и следните чекорите кои се планираат да се преземаат во соработка со експерти од Естонија и со поддршка на Американската амбасада. Одлучено е да нема масовна измена на голем број закони ниту пак краткотрајни решенија кои нема да бидат апликативни на долг рок. Биле дадени конкретни задолжија за членовите во насока на детектирање на приоритетите во нивните институции, доставање на пополнет прашалник до заменик координаторот на работната група и известување за преземените мерки и активности за набавка на потребната опрема (хардвер и/или софтвер) за приклучување на Националната платформа за интероперабилност, за приклучување на истоимената платформа од страна на институциите кои ја имаат потребната опрема (хардвер и софтвер) и за функционалноста на ДМС системот. |

| | |
|---|---|
| | Сите институции, освен Министерството за финансии, Министерството за политички систем и односите меѓу заедниците и Министерството за внатрешни работи, ги доставиле бараните податоци, при што било утврдено:<br>• дека сите институции имаат потреба од задржување на постојниот ИТ кадар и ангажирање на нови ИТ лица.<br>• потреба од модернизација на нивната информатичка инфраструктура, согласно новите технологии за подигање на безбедноста и достапноста на системите и поголема компатибилност на самите софтверски решенија за полесно поврзување на истите и полесна размена на информации.<br>Во рамките на работната посета на Естонија, обезбедена е донација на Catis – system, односно инсталација на софтвер и собирање на податоци од сите државни институции во однос на софтверската опрема со која располагаат и нејзината компатибилност.<br>Каталогот на интероперабилни решенија (CatIS) е алатка за добивање јасен преглед на ИТ ресурсите во јавниот сектор. Во каталогот, можно е да се регистрираат потребните податоци од институциите.<br>За имплементација на мерката изготвен е Образец за анализа на капацитетите за стратешко планирање во министерствата (во форма на прашалник) и истиот бил испратен до сите министерства се со цел да се добијат податоци со какви кадровски капацитети располагаат министерствата и дали истите може да се користат за потребите за имплементација на процесот на дигитализацијата.<br>Од добиените резултати било утврдено дека е побарана помош за зајакнување на капацитетите на Одделенијата за стратешко планирање, заради што била организирана и Донаторската конференција за дигитализација.<br>Кабинетот предложил учество на РСМ во програмата Digital Europe, како и изготвување на Законот за архивска дејност, предлозите биле усвоени на 55-та Владина седница одржана на 28.06.2022 година, во таа насока било испратено писмо за интерес за учество во програмата DIGITAL EUROPE како и задолжение да се предвидат средства во буџетот за 2023 година за финализирање на членството.<br>Во врска со Законот за архивска дејност Владата го задолжила Министерството за информатичко општество и администрација да формира меѓуресорска работна група за изработка на Предлог Законот и најдоцна до 01.10.2022 година да го достави Предлог-Законот до Владата на утврдување. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **2.** Зголемено и поефикасно користење на Националната платформа за интероперабилност |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | **IV.** Зголемување на употребата на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупција |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Почетно |
| **Транспарентност** | **Проактивно** - Објавено на веб страната на Владата |
| **Забелешка** | Владата на предлог на Кабинетот на 32-та Владина седница одржана на 22.03.2022 година, донесе заклучоци со кои се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, најдоцна до 25 април 2022 година, да ги ажурираат податоците за внесените услуги во Каталогот на услуги на Националниот Портал за електронски услуги кои ги обезбедуваат согласно закон. Како и да ги внесат и верификуваат сите услуги во Каталогот на услуги на Националниот Портал, за кои органот е надлежен, согласно закон.<br>За преземените активности институциите до 28 април биле задолжени да го известат Министерството за информатичко општество и администрација.<br>Министерството навремено доставило Известување до Кабинетот за сите ажурирани и внесени услуги во каталогот на услуги на Националната портал. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **3.** Целосно воспоставување и примена на електронскиот систем за инспекција „Е-инспектор“<br>• приклучување на уште 13-те инспекторати на Е-инспектор |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | **V.** Воспоставување електронски систем за инспекција „Е-инспектор“ |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема, но согласно со извештајот на ДКСК за исполнетост на Националната стратегија, ќе биде додадена нова област инспекции. |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Проактивно** - Објавено на веб страната на Владата |

| | |
|---|---|
| **Забелешка** | Од страна на Кабинетот обезбеден е кодот за софтверот на Е-Инспектор и истиот е предаден во сопственост на Инспекцискиот совет, со што е овозможена одржливост, можност за унапредување на алатката и имплементирање во останатите 13 инспекторати.<br>Во моментот Е-инспектор се изработува со поддршка на ЕБОР и проектот ќе трае 18 месеци, од февруари 2022 година до август 2023 година во рамки на Инспекциски Совет.<br>Во проектот се опфатени 13 инспекциски служби (Државен инспекторат за земјоделство, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен комунален инспекторат, Инспекторат за употреба на јазиците, Државен инспекторат за локална самоуправа и Државен девизен инспекторат), за кои треба да се изработат 13 нови модули за вклучување на Е-инспектор.<br>Идејата на платформата Е-инспектор е поврзување на сите 28 инспекциски служби кои се во надлежност на Инспекцискиот совет, до крајот на 2024 година. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **4.** Анализа на перформансите на е-системот за електронско (онлајн) поднесување на пријави и поплаки поврзани со услугите на јавната администрација, како основа за креирање на политики за добро владеење |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | **XVI.** Систем за следење предмети и претставки |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Целосно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Постојниот е-систем за електронско поднесување на пријави и поплаки поврзани со услугите на јавната администрација и повикувачкиот центар е функционален и редовно се следи и координира од страна на Кабинетот. Вработените од кабинетот подготвуваат тримесечен извештај за работата на повикувачкиот центар и е-системот за електронско поднесување на пријави и поплаки и за истиот ја информираат Владата.<br>Исто така кабинетот по потреба воспоставува комуникација и координација со институциите кои не ги решаваат навремено проблемите на странките.<br>Во период 11.03.2022 - 20.06.2022 во системот се пристигнати **вкупно 202** тикети/проблеми од кои **152** се доделени на институции и **50** се доделени на порталот (нераспределени).<br>Од вкупниот број на проблеми решени се *170 ( 122 од тие кои се доделени на институции и 48 од проблемите доделени на порталот - решени од страна на Тимот за поддршка на Националниот портал) или изразено во проценти 84,15%, а во фаза на одговарање/нерешени се 32 или 15.84% (30 од проблеми доделени на институции и 2 од проблеми доделени на порталот).* |

# II.
# ПРОМЕНИ ВО РЕЛЕВАНТНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | 1. Поттикнување на сеопфатна дигитализација за ефикасно и професионално функционирање на институциите<br>• Измена на закони |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | III. Усогласување на законодавството во областа на дигитализацијата |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Почетно |
| **Транспарентност** | Реактивна - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Координаторот на работната група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон (кој е претставник од Кабинетот), одржал поединечни состаноци со сите членови и заменици од работната група кои се претставници од надлежните министерства.<br>Целта на состаноците била да се информира Кабинетот за статусот на нацрт законите во врска со дигитализацијата за кои се надлежни министерствата. На состаноците се разговарало за нацрт законите, односно за можноста за нивна усогласеност со одредбите за дигитализација, како и за спремноста од технички аспект на институциите да ги имплементираат измените и дополнувањата на законите во врска со дигитализацијата.<br>Дополнително, во следниот период треба да биде направена проверка на предвидените закони дали во нив се вметнати одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги во насока на дигитална трансформација на општеството, односно во сите закони и подзаконски акти со кои е определено лично поднесување на барање од страна на граѓаните, треба да се овозможи пристап преку Националниот портал за електронски услуги. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | 5. Донесување на Закон за потекло на имот |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Првично не беше дел од Акција 21 за потоа да биде додадена како дополнителна активност. |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Во извештајниот период улогата на Кабинетот се препознава преку учеството на негови претставници во работната експертска група во фазата на драфтирање на законското решение.<br>Од Кабинетот бевме информирани дека станува збор за закон кој е премногу сензитивен, дополнително, планот е овој закон да опфаќа и превенција, односно, граѓаните да бидат свесни и да бидат насочени кон легално стекнување на имотот затоа што во секој момент истиот би можел да биде предмет опфатен со овој закон и да биде одземен во корист на државата и токму затоа, има позабавена динамика, меѓутоа целта е внимателно да се подготви законското решение.<br>Во таа насока, во периодот од 18 до 20 април се одржал состанок помеѓу Советот на Европа и работната група за ревидирање на драфт законското решение согласно последните насоки добиени од странските експерти.<br>Драфт решение на Предлог законот е изготвено и е дадено на институциите да се произнесат за драфт верзијата, врз основа на што Кабинетот понатаму ќе направи План за понатамошни активности. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **8.** Подобрување на законските и регулаторните рамки за јавни набавки |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | **X.** Јавни набавки |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Проактивно** - Објавено на веб страната на Владата |

| | |
|---|---|
| **Забелешка** | По иницијатива на вицепремиерката Грковска, а во согласност со Партнерството за отворена власт, обезбедена е поголема транспарентност и отчетност во трошењето на буџетските средства. Во таа насока со заклучок на Владата донесен на 40-та седница одржана на 19.4.2022 година институциите добија рок од 30 дена, не само преку Електронскиот систем за јавни набавки, туку и на своите веб страници да објавуваат информации за спроведените јавни набавки, со цел граѓаните да имаат брз, лесен, едноставен и разбирлив пристап до информациите за тоа како институциите ги трошат јавните пари. Сите буџетски корисници се задолжени со оваа обврска, а им се укажа на сите единки корисници, на јавните претпријатија основани од државата и на акционерските друштва во државна сопственост, додека им се препорача на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од општините односно Град Скопје и на останатите институции кои се под надлежност на општините, во рок од 30 дена да креираат **посебен таб** на своите веб-страници за **„јавни набавки„** и да ги објавуваат следните документи:<br>• Годишен план за јавни набавки<br>• Огласи за јавни набавки<br>• Известување за склучени договори<br>• Склучени договори и<br>• Известувања за реализирани договори<br>Институциите кои постапиле по заклучокот доставиле до Кабинетот известување за реализација на заклучоците. Притоа, Кабинетот има воспоставен мониторинг систем за редовна проверка дали институциите ги прикачиле бараните документи на своите веб-страници за „јавни набавки„ .<br>Од Кабинетот не известија дека, за периодот до 07.06.2022 година, по извршена проверка на дел од веб-страните на институциите, направен е пресек и е утврдено дека на своите веб страници на посебен таб „јавни набавки„ бараните документи ги имаат прикачено 76 институции.<br>Дополнително, 52 институции, известиле дека во најкраток временски период ќе ги прикачат документите на своите веб страници во посебен таб „јавни набавки„.<br>Во извештајниот период, вицепремиерката Грковска, остварила средба со директорот на Бирото за јавни набавки, во насока на унапредување на Електронскиот систем за јавни набавки, со што ќе се обезбеди поголема конкурентност и транспарентност во постапката. Остварена е Средба и со Државната комисија за жалби по јавни набавки со цел унапредување на системот за јавни набавки и за отстранување на сите можности за нивни злоупотреби. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **11.** Ревидирање на Етичкиот кодекс за лица кои вршат извршни функции за имплементација на утврдените слабости од самите институции |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Првично мерката за измена и дополнување на Етичкиот кодекс за лица кои вршат извршни функции не беше дел од Акција 21, не е дополнително додадена. |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Целосно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | По двегодишна примена на Кодексот утврдена е потреба на негово унапредување и дополнително прецизирање, поради што е неопходно Владата на РСМ да утврди нов Кодекс за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции, именувани од Владата.<br>Измените на Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции, во најголем дел, се резултат на забелешките и препораките на ГРЕКО.<br>Во член 3 новина е тоа што се предвидува дека претседателот на Владата ќе следи дали членот на Владата кој е одговорен за примена на Кодексот (во моментот тоа е ЗПВРСМ задолжен за политики за добро владеење) се придржува до Кодексот. Целта е да се обезбеди контрола и за овој член на Владата, за кој нема предвидено кој го следи неговото однесува.<br>Друга значајна измена е тоа што членовите на Владата од редот на своите посебни советници треба да именуваат лице кое ќе го советува функционерот во чиј кабинет тој работи да се придржува до Кодексот. На овој начин се обезбедува во секој Кабинет да има лице кое добро ќе го познава Кодексот и кое ќе може да предвиди и да укаже доколку во дневните активности на функционерите пости ризик од непочитување на Кодексот.<br>И другите носители на јавните функции кои ги именува Владата исто така се задолжени да именуваат лице, близок соработник, кое ќе го советува функционерот да го почитува Кодексот.<br>Се додаваат принципите ИНТЕГРИТЕТ и ПРИСТОЈНОСТ со кои се зајакнува определбата на Владата за етичко однесување на членовите на Владата и другите јавни функционери, кои се должни да работат во интерес на граѓаните.<br>Во членот 20 „Примање подароци“ се додава нов став со кој се предвидува дека доколку наградата е составена од пари или други вредносни предмети, парите треба да бидат донирани за добротворни цели по избор на наградениот лице, додека вредносните предмети треба да бидат евидентирани како ствари на институцијата.<br>Во членот 25 се предвидува обврска за членовите на Владата и носителите на јавни функции во рок од три дена да ги достави информациите и податоците што членот на Владата одговорен за следење на Етичкиот кодекс му ги побарало. Истиот рок од три дена се утврдува и за дополнителните информации, доколку членот на Владата одговорен за следење на почитување на Кодексот ги побара.<br>Со доследно придржување кон принципите на Кодексот, ќе биде остварена и неговата цел, а тоа е владеење на правото, остварување на јавниот интерес, отчетност, транспарентност, одговорност, како и заштита на угледот на институциите и Владата. |

| | |
|---|---|
| | Кабинетот во соработка со USAID и со професорката од Правен факултет проф. Д-р. Мирјана Борота Поповска спровеле 4 (четири) обуки за Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции, именувани од Владата, и тоа на 25 и 27 мај и 22 и 24 јуни 2022 година за 142 од вкупно 200 носители на јавни функции именувани од страна на Владата.<br>Обуките биле спроведени за носителите на јавни функции именувани (во периодот од јануари до април 2022 година) од страна на Владата. |

# III.
# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **6.** Следење, евалуација и извештаи за степенот на реализација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со акциски план за периодот 2021-2023 година |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | VI. Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Целосно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |

| | |
|---|---|
| **Забелешка** | Комисијата за следење на имплементацијата на стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот од 2021 – 2023, работи континуирано за спроведување на Националната стратегија согласно акцискиот план.<br>Кабинетот ја обезбедува неопходната поддршка за потребите на работата на Комисијата.<br>Од денот на оформувањето заклучно со прв квартал 2022 година биле спроведени следниве активности:<br>• Еднодневна работилница за финансиски истраги и враќање на одземен имот – организирана во соработка со Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ Мисијата во Скопје) и Министерство за внатрешни работи (20 октомври 2021 година).<br>• Конференција “Национална Стратегија за зајакнување на институционалните капацитети за водење на финансиски истраги и конфискација на имот”, организирана во соработка со Канцеларијата на Обединетите нации за борба против дрога и криминал во Северна Македонија (UNODC) и ОБСЕ (23 ноември 2022)<br>• Подготвен е Патоказ за оперативно зајакнување на институциите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, во соработка со UNODC<br>• Дводневна работилница за подготовка на првиот извештај за степенот на имплементација на Стратегијата за периодот од 15 јуни 2021 година до 31 март 2022 година, организирана во соработка со UNODC (12-13 мај 2022 година).<br>На ден 21.03.2022 година во Владата на РСМ се одржал состанок со членовите на Комисијата за следење на имплементацијата на стратегијата и Канцеларија на UNODC и претставници од меѓународните организации.<br>Во прилог Прв извештај на Комисијата<br><br>Во тековниот период Комисијата ќе започне со подготвителни активности за исполнување на целите од Стратегијата предвидени за вториот и трет квартал од 2022 година. За таа цел на 28.07.2022 година е закажан состанок на Комисијата, со присуство на вицепремиерката Славица Грковска, министерот за финансии Фатмир Бесими и министерот за правда Никола Тупанчески, со цел наоѓање на најдобро решение за распределба на средствата од продажбата на конфискуваниот имот, што би резултирало со мотивација на надлежните институции вклучени во конкретни предмети. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-Активност** | 7. Следење на имплементацијата на препораките за надминување на констатираните слабости од извештаите на Државниот завод за ревизија |
| **Поврзаност со Акција 21** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Воспоставување на ефикасен систем за известување за не/спроведување на препораките од внатрешната ревизија и ДЗР до повисоките органи за надзор и контрола |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Од информацијата добиена од Кабинетот, активно се следат ревизорските извештаи на ДЗР и за истите прави анализа и следи дали се исполнети Акциските планови на институциите, како и дали институциите ги доставуваат Акциските планови во предвидениот рок од 30 дена до Владата. Пред истекување на предвидениот рок, доколку институциите немаат доставено акциски план истите се контактирани од страна на Кабинетот за да им се укаже во што е можно пократок временски период истите да ги достават.<br>Кабинетот и ДЗР преку заедничка активност подготвиле Информација до Владата за квантифицирани неправилности утврдени во конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност од 2019 година, на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделувањето на водното право“. Оваа Информација е усвоена на 55-та владина седница одржана на 28.06.2022 година и од нејзе произлегува задолжување на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии, да подготви и во рок од 6 месеци до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на законот за водите.<br>Дополнително, Кабинетот во најкраток рок треба да најде најсоодветно решение за активирање на Ревизорскиот комитет регулиран во Деловникот на Владата. За таа цел бил закажан состанок со Министерот за финансии со цел да произлезат конкретни активности по ова прашање.<br>Кабинетот досега има направено анализа на 42 ревизорски извештаи од Државниот завод за ревизија, како и на 7 акциски планови кои се доставени до Владата.<br>Направени се средби со претставници на меѓународни организации за детектирање најсоодветен пристап и начин во спроведување на истражување за најдобри светски практики во процесот на следење на Имплементацијата на препораките од овластениот ревизор.<br>Во таа насока подготвена е и Компаративна анализа со цел да се утврдат најдобрите практики во светот и можноста за нивна имплементација во Северна Македонија.<br>Во рамките на мерката **Изготвена е Драфт верзијата на законот за државна ревизија**, подготвен во рамките на Твининг проектот „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“, поддржан од Европската Унија. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **9.** Подигнување на свеста и јакнење на интегритетот на носителите на извршната власт од највисоко ниво |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Нема |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Од информацијата добиена од Кабинетот, спроведени се тестови за интегритет за носителите на јавни функции во соработка со УСАИД.<br>Тестовите за интегритет биле доставени до 179 функционери, од каде се добиени одговори од 117 функционери при што истите веќе се предмет на анализа од страна на консултанти ангажирани преку Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Како резултат на таа анализа ќе биде изготвен сеопфатен извештај со збирни заклучоци и препораки за понатамошно постапување.<br>Кабинетот во соработка со УСАИД веќе започнал процес на обучување на обучувачи кои понатаму самостојно ќе бидат во можност да ги држат обуките за Етичкиот кодекс и за интегритет, што е во насока на политиката на Кабинетот да креира одржливи системски решенија. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **10.** Зајакнување на интегритетот во спортот |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Нема |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Област 12. Спорт |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Проактивно** |

| Забелешка | Со цел да се креираат подобри политики за ефективна превенција и борба против корупцијата во спортот, Кабинетот во соработка со Канцеларијата на Обединети нации за борба против дрога и криминал (UNODC) започнал со организирање на конференции во областа на спортот за да се детектираат сите слабости од страна на спортските субјекти. До сега се одржани две конференции и тоа:<br>На ден 20 мај 2022 година е одржана Стручна конференција "Отворено за корупцијата во спортот и штетата што корупцијата ја нанесува на младите спортски таленти"<br>На конференцијата биле детектирани слабостите и донесени заклучоци за слабостите кои што треба да се отстранат во спортот, и тоа:<br>• Ревизија на моделот за примената на спортските ваучери<br>• Подготовка на етички кодекс за спортскиот сектор и политики за зајакнување на интегритетот<br>• Задолжителна транспарентност при носењето на одлуките во спортските клубови и федерации и отчетност при користење на јавните средства<br>• Потреба од сеопфатна анализа на законската регулатива во спортот<br>• Зајакнување на кадровската екипираност во инспекцискиот сектор<br>• Анализа на досегашните инспекциски наоди се со цел детектирање на слабостите кои би преставувале основа за креирање политики за добро владеење<br>• Разгледување на можноста за воведување спортски менаџер како професија<br>• Доследно спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси<br>• Заштита на спортистите во делот на пријавување на корупција, по моделот на Законот за укажувачи.<br>На ден 4 јули 2022 година е одржана втора Стручна конференција "Отворено за корупцијата во спортот во фокус мерката ваучери".<br>На конференцијата биле детектирани слабостите на ваучер системот и донесени следниве заклучоци:<br>• Изготвување на компаративна анализа - за издавање и користење на ваучери од други поразвиени земји, за искуства со децентрализација на ваучерскиот систем или да се изнајдат нови решенија за доделување на финансиски средства на спортските клубови (може да биде во соработка со меѓународна организација).<br>• Да се дефинираат механизми и стандарди за родова избалансираност при доделување на ваучерите во однос на износот од аспект на поттикнување на женскиот спорт. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | • Да се искоординираат законските одредби во законот за спорт и законот за спонзорства и донации во јавните дејности.<br>• Ваучерот да се врзе со резултати, намената да се дефинира и врз основа на истата да се бара извештај кој ако не е комплетен да не се доделуваат ваучери за наредната година.<br>• Да се изнајде начин парите да се доделуваат директно на спортските клубови, спортисти и федерации.<br>• Да се разгледа можноста за почеста ревизија на спортските клубови, преку Агенцијата за млади и спорт, преку инспекторите (бројот на инспектори да се зголеми) и преку самите федерации- зголемување на надзорната улога од страна на федерациите спрема клубовите.<br>• Транспарентноста, значаен чекор во борбата против корупција т.е. Предвидување на конкретни санкции и спроведување на истите доколку Комисиите од националните спортски федерации, согласно Закон за спорт не ја исполнат својата обврска до 20 јануари да ги објават на нивната веб страна доставените предлог ранг листи до Агенцијата за млади и спорт, и во делот на транспарентно функционирање на националните федерации во врска со трошењето на јавните финансиски средства.<br>• Се со цел заштита и промовирање на домашните спортисти дали е потребно да се конкретизира дека ваучерите ќе се однесуваат само за домашни спортисти, а не и на трансфер спортисти (предвидено е од вкупниот буџет само 20-30% да можат да бидат потрошени за странски трансфери, а остатокот само за домашни).<br>• Да се изнајдат механизми за стопирање на субјективизмот и нереалното фаворизирање на одредени клубови кои Комисиите формирани во одредени национални спортски федерации си ги дозволуваат во фазата на креирање и доставување на Предлог Листите за клубови и спортисти – корисници на ваучери.<br>Во периодот што следува вицепремиерката Грковска, заедно со министерот за правда Никола Тупанчески, со директорот на Агенцијата за млади и спорт Наумче Мојсоски, но и со претставници од Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), која исто така работи на детектирање на слабостите во однос на корупцијата во спортот, ќе формираат Работна група која ќе се посвети на реализација на заклучоците од двете конференции, особено во делот на **измена на Законот за спорт**, како и на разгледување и имплементирање на препораките на ДКСК. |

| | |
|---|---|
| | Со цел на градење активен и интерактивен однос со младите и тие активно да бидат вклучени и да дадат свој придонес во процесот на создавање ефикасно општество, Кабинетот во соработка со УСАИД, преку Проектот за граѓанско учество биле опфатени 240 ученици и 180 вработени директори, професори и друг кадар од седум средни училишта во земјава.<br>Одржани се три младински кампа, на кои е договорено да се организира посета на учениците на Владата со цел да се разговара за предизвиците со кои младите се соочуваат и да предложат конкретни заклучоци.<br>Исто така одржани се и шест образовни работилници за јакнење на свеста против корупцијата за вработените во средните училишта и пет работилници за јакнење на свеста против корупцијата наменети за учениците. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **12.** Активно вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Нема |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Целосно |
| **Транспарентност** | **Проактивно** - Објавено на веб страната на Владата |
| **Забелешка** | Редовно, еднаш во месецот биле одржувани состаноци со претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, на кои се дискутирало за сите отворени прашања и заеднички активности со цел подобрување на системските слабости.<br>Исто така, биле одржувани редовни средби и со младински организации, со цел отворено да се разговара за проблемите со кои се соочуваат младите, како и за начините за надминување на тие проблеми.<br>Кабинетот во соработка со УНДП во младинскиот ресурсен центар во Гостивар „I-can“ организирал Панел дискусија со младински организации, на тема „Што значи интегритетот за еден млад човек“.<br><br>Започната е кампања „#ЗависиОдМенеИТебе“ која опфаќа повеќе аспекти на младите, како што е јакнењето на интегритетот, антикорупциските политики, дигиталната трансформација на општеството, корупцијата во спортот. Целта на кампањата е да премине во регионален проект кој ќе ги обедини младите од земјите на Западен Балкан. |

| | |
|---|---|
| **Мерка-активност** | **13.** Соработка со деловната заедница |
| **Поврзаност со „Акција 21“** | Нема |
| **Поврзаност со Национална стратегија** | Нема |
| **Ниво на имплементација** | Делумно |
| **Транспарентност** | **Реактивна** - Информација добиена од Владата |
| **Забелешка** | Владата во текот на 2022 година има во план да развива заеднички активности со деловната заедница, кои ќе се фокусираат на јакнење на знаењата и поддршка за воведување на најсовремените и иновативни практики од земјата и светот во доменот на доброто корпоративно управување и владеење.<br>За таа цел, во заеднички потфат со релевантните здруженија и интересни заедници од деловниот сектор во текот на јуни и јули се спроведени серија од четири едукативни настани (три во Скопје и еден во Куманово) со менаџери и сопственици на над 97 претпријатија од сите региони и се промовирани алатки за само-евалуација за зајакната отпорност на деловните луѓе и нивните менаџери кон предизвиците кои со себе ги носат практиките кои не се засноваат на политики за добро владеење.<br>Настаните биле искористени како можност за мобилизирање на бизнис-заедницата да стане активен партнер на Владата во идентификување на слабостите и критичните точки и креирањето на нови политики во доменот на доброто управување. За таа цел на настаните било спроведено истражување по пат на анонимна анкета со насочени прашања за сознанијата и ризиците на полето на деловната етика, интегритетот и корупцијата, а одговорите кои од информацијата добиена од Кабинетот се сеуште во фаза на обработка и ќе служат како значаен извор на информации, за донесување на одлуки базирани на докази. Пристапот бил позитивно оценет од бизнис заедницата и со изразен интерес за поширока соработка. |

# ТАБЕЛИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СРЕДНА ОЦЕНКА НА ПЛАНОТ




| | Нулта | Почетно | Делумно | Целосно |
|---|---|---|---|---|
| # | 0 | 2 | 8 | 4 |

*Табела 1:* Степен на реализација на мерките од планот




*Табела 2:* Транспарентност

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од извршениот мониторинг на имплементацијата на „Планот за политики за добро владеење“ може да се констатира дека тој е во напредна фаза на имплементација и дека по сите точки од истиот се преземени активности. Фокусот е ставен на дигитализацијата, која е неизбежна за секое општество и токму затоа колку побрзо се реализира таа трансформација на општеството, паралелно со градење на вештини кај граѓаните, толку побрзо ќе бидат изградени ефикасни, отчетни и одговорни институции. Притоа многу важно, при процесот на дигитализација на институциите и јавните услуги, да се има координиран пристап помеѓу институциите, затоа улогата на Кабинетот е исклучително важна како координатор на тој пристап, кој ги обединува процесите во сите министерства, зошто од досегашните искуства поединечниот пристап не носи резултати.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **План** | „План за политики за добро владеење“ |
| **Акција 21** | План за борба против корупција „Акција 21“ |
| **Стратегија** | Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси |
| **Влада** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Кабинет** | Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |

**ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Бул. Партизански Одреди 23/1-5,
1000 Скопје, Македонија

(+389) 2 3243 331

ihr@ihr.org.mk